# Дневна хемеротека за *27.05.2016г.*

## Мета - *Дали македонската влада ќе им го скрати животот на своите граѓани?*

МЕТА.mk
новинска агенција

# Дали македонската влада ќе им го скрати животот на своите граѓани?

Share Tweet G+1 Email Преземи како: txt html doc



(Фото: Вистиномер)

### Слични написи

- Ристовска: Од каде му се на Иванов доверливите податоци и имиња од предистражните постапки
- Изаири: „Југохром“ требаше да ги врати на работа сите отпуштени работници
- Велика Британија би останала без 128 милијарди евра со излегувањето од ЕУ
- Коцевски: „Југохром“ да покаже поголема општествена одговорност
- Фабриката „Југохром“ почна да работи
- ДИК од институциите добила непрочистени бази на податоци
- Инсистирањето само на датум за избори води кон продлабочување на кризата
- Протест на вработените од „Југохром“

**Проблемот** со загадувачот на воздухот во полошкиот регион, фабриката „Југохром фероалојс“ не е вчерашен. Компанијата која што произведува железо, челик и легури од железо, со неколку прекини во нејзиното работење, во Македонија работи од 1952 . Тоа значи дека повеќе од 50 години оваа фабрика систематски ги труе граѓаните бидејќи, според експертите, таа е најголемиот загадувач во регионот, чијшто чад честопати го покрива како магла регионот на општините Јегуновце, Тетово и пошироко.

- Застарените индустриски капацитети го загадуваат воздухот во Полог во опасни размери
- Загадувањето не престанува, секоја година 4.500 нови заболуваат од рак!

Дури и работниците што сакаат да останат анонимни, за „Порталб“ велат дека од 2010 година, кога оваа компанија ја презеде една руска компанија, таму се употребуваат уште поопасни материјали што го загадуваат воздухот, а кои се употребуваат за производство на нивните легури.

**На ракот ќе му се продолжи рокот?!**

На 31 октомври 2013 година, истече рокот кој е продолжен неколкупати за загадувачите кои што требаше да ги исполнуваат еколошките стандарди. Дали овојпат Владата ќе застане на страната на граѓаните или едноставно ќе им го продолжи животот на фабриките, а со тоа ќе им го скрати животот на граѓаните? Таквата одлука е оставена да се разгледа на владина седница. Зачудувачки е како е можно Владата да има толку трпение и да го остави здравјето на граѓаните во рацете на бирократските процедури… Уште попарадоксална е ситуацијата кога од една страна Владата преку реклами ни кажува како треба да се храниме, а од друга страна нè убива со чадот на фабриките кои не ги затвора!

За здравјето се работи! Додека да се донесе одлука, Тетово сè уште останува најзагадениот град во Македонија! Општината нема преземено некоја мерка на локално ниво за разлика од Скопје, а болниците полни со пациенти, сведочат за загадениот воздух во Тетово.

**Правна регулатива**

Во 2005 година, Македонија стана земја кандидат за член на Европска Унија, која што бара ригорозни реформи во однос на животната средина. Во истата година, се усвоија законските измени, со кои, загадувачите требаше да ги исполнат еколошките стандарди, односно да преземат мерки со кои би ја добиле интегрираната еколошка дозвола А, со краен рок до 1 април 2014. (Видете: Закон за животна средина, член 139, пдф)

Во овој период, „Југохром“ имаше рок од девет години да направи измени во начинот на работење за да не ја загадува животната средина, промени кои задоцнија и, всушност, никогаш не се реализираа. Во овој период, на чело на овој ресор биле четворица министри:

- **Имер Алии,**
- **Џелал Бајрами,**
- **Неџати Јакупи** и
- **Абдилаќим Адеми**.

Што се однесува до првите тројца, јавноста не се сеќава дека некогаш реагирале за загадувачот „Југохром“, додека Адеми даде конкретно ветување дека овој загадувач ќе се затвори, но потоа го прекрши ветувањето. И актуелниот министер, **Нурхан Изаири**, даваше ветувања дека „Југохром“ ќе се затвори.

Министерството за животната средина досега има усвоено неколку планови и стратегии кои што не можат да се најдат на веб-страницата на министерството, бидејќи линковите на www.moepp.gov.mk едноставно не функционираат. Во последната стратегија од тој вид, Третиот национален план за климатски промени од декември 2013 година, Владата се заветува дека ќе го намали нивото на загаденост на воздухот.

**Бесконечни продолжувања на роковите**

Од 2005 наваму, неколкупати е побарано продолжување на роковите и Владата секогаш попуштила.

- На 31 октомври истекува рокот за поставување на филтри во оџаците на фабриките

Ќе ги истакнеме некои од последните продолжувања на роковите.

**1. 2012 година**

„Југохром“ и другите фабрики уште од 2012 година побараа продолжување на рокот наведувајќи дека не се подготвени за да работат со еколошки стандарди. Владата ги прифати нивните барања, притоа усвојувајќи пет мини-мерки за „спас на металургијата“.

**Мерките кои предвидуваат продолжување на рокот до 2019 година!**

- Со 30 милиони евра Владата ќе ја спасува металургијата
- Металната индустрија задоволна од владините мерки за поддршка
- Со металургијата се спасуваат извозот и вработеноста

Досега нема информации дека овие мерки престанале да важат.

**2. 2014 година**

Неколку дена пред истекување на рокот, загадувачите побараа повеќе време:

- Пред истекување на рокот за филтрите, „Југохром“ и останатите бараат повеќе време

Меѓутоа, Владата одлучи да го продолжи рокот за исполнување на стандардите до 31 октомври 2014.

- Владата им продолжува животот за шест месеци на „Југохром“ и на „Макстил“

**„Големите“ ветувања на владините претставници**

На 19 септември 2013 година, премиерот **Никола Груевски** рече дека прекршителите нема да се толерираат:

> „Јас знам дека многумина од нив, сè уште веруваат дека оваа Влада, за која што се многу важни економијата, вработувањата, извозот, БДП итн., нема да се придржи до мерките. Всушност, ова има големо зночење. За нас има. Тоа е нашата совест, кога се работи за тоа дали сме презеле сè што е во наша моќ за да ги одбраниме здравјето на луѓето, од болестите кои се резултат на неодговорната работа на загадувачите“ – рече Никола Груевски.




**Ексминистерот, Абдилаќим Адеми**

Иако вети дека фабриките ќе се затворат на 1 април 2014 година, јасно е дека министерот Адеми не го одржа ветувањето дадено на 8 декември 2013.

- Абдилаќим Адеми најавува затворање на фабриката „Југохром"

**Актуелниот министер, Нурхан Изаири неколкупати истакнал дека повеќе нема да има продолжување на роковите**

- 03/7/2014 – Изаири: Проблемот со индустрискиот загадувач „Макстил" и „Југохром" ќе се реши
- 12/7/2014 – Немилосрдно загадување на Полог, до кога?!
- 02/9/2014 – „Југохром" останува најголемиот загадувач, не ги исполнува еколошките обврски
- 16/10/2014 – „Југохром" престанува со работа на крајот на месецов
- 16/10/2014 – „Југохром" може да работи до 30 октомври




„Југохром" престанува со работа (15 октомври) *видео од „24 Вести"*

**Директорот на еколошкиот инспекторат, Фирус Мемед**

- 01/7/2014 – Протестираат жителите на Железара – „Макстил“ и „Југохром“ ќе се затворат
- 25/10/2014 – Нема продолжување на рокот, државата ќе го затвори „Југохром“

**Реакциите на граѓаните „Нè затрувте!“**

Иако долго време систематски се трујат, за проблемот со загадувањето, револтот на граѓаните кои што живеат во полошкиот реон и во Скопје, се појави минатата година со протестите во Тетово и во Скопје, каде што се бараше затворање на фабриките.

**Некои од протестите на граѓаните**

- Пред канцеларијата на Абдилаќим Адеми се протестира против загадувањето
- Тетовчаните го блокираа патот, против загадувањето!
- Советот на протестите со писмо до министерот Абдилаќим Адеми
- Тетово, се протестираше против загадувањето на воздухот!
- Протестираат жителите на Железара, „Макстил“ и „Југохром“ ќе се затворат




**„Ќе се радикализираме!“**

> „Не би сакале да мислиме дека Владата може да продолжи да го толерира ова злосторство над граѓаните на Полог и да ја фаворизира работата без филтри за уште еден рок. Ни не сме за затворање на фабриката, никогаш не сме побарале такво нешто, дури бараме Владата да ги субвенционира овие стандарди, но не прифаќаме да се тргува со здравјето на граѓаните. Ние ќе покажеме нулта толеранција за секое заобиколување и ќе размислиме за радикализирање и за поголема сензибилизација на граѓаните. Владата на Република Македонија, воопшто, а посебно Министерството за животна средина ќе сноси одговорност за систематското труење на граѓаните на Полог, оставајќи ги со години да дишат воздух кој е 20 пати позагаден од дозволеното ниво, а исто така ќе сносат одговорност за затворање на фабриката (доколку се случи), имајќи предвид дека како власт никогаш не изнајдоа механизам со кој би се спасиле и граѓаните од загадувањето, а бизнисите би биле задолжени да применат мерки за заштита на нашата заедничка околина“, вели за „Порталб“, **Арианит Џафери**, еден од организаторите на протестите против загадувањето.

**Тишина пред бура!**

Сепак, никој од надлежните не сакаше да даде изјава за „Порталб“. Нашата екипа контактираше со Министерството за животна средина, а оттаму ни рекоа дека го чекаат крајниот рок и седницата на Владата. Недостапни беа и министерот за екологија, Нирхан Изаири, и директорот на еколошкиот инспекторат, Фирус Мемед. Исто така и главниот директор на „Југохром“, **Бранислав Ѓурѓевиќ**, остана недостапен за изјава. Изјава на темата единствено има од министерот за финансии **Зоран Ставрески**, кој што рече дека треба да се чека да помине рокот. /„Порталб“

## Порта 3 - *Камикатсу – мал град со голема амбиција или како да се постигне целосен „нула отпад“!?*

ПОРТА 3
ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА
ЕКОЛОГИЈА

### Камикатсу – мал град со голема амбиција или како да се постигне целосен „нула отпад“!?

Like 3 Share 3 Tweet G+1 0 Pin it

Урбаните места најмногу се соочуваат со предизвици поврзани со животната средина, а воедно носат и обврска и потреба од иновативен пристап при решавање на проблемите. Секој заслужува да живее во здрава животна средина, а за тоа е неопходно човекот да живее во хармонија со природата, постојано да изнајдува начини за подобрување на квалитетот на живот и да го редуцира своето влијание врз глобалната животна средина.



Најблиску до овој начин на живот како можеби единствен начин за почиста иднина, е концептот на „нула отпад“. „Нула отпад“ е визија за одржлив животен стил ослободен од отпад, без горење и депонии. Основите цели на овој концепт се: намалување на количината на отпад, повторна употреба и рециклирање.

При управување со отпад да нема штетни емисии во земјата, атмосферата и водата, без отпад во животниот циклус на производите (превоз, потрошувачка, складирање) и без употреба на отровни материи во процесот на производство, како и во самите производи. Оваа практика на управување на отпад треба да се базира на секојдневниот живот, па затоа малиот град Камикатсу, во Јапонија, кој е предводник во „нула отпад“, е пример за најдобра практика.

Целта на овој концепт е заштита на животната средина и заштита на животот и здравјето на луѓето. „Нула отпад", значи рационално и одржливо користење на природни богатства, избегнување и максимално намалување на количеството на создадениот отпад, искористување на употребливите состојки од отпадот и одржлив развој со зачувување на природните ресурси.



Во 2003 година, јапонскиот град Камикатсу изјави амбиција за третирање на отпадот според принципот на „нула отпад". Оттогаш, жителите на ова место ја прифатија, и секојдневно ја применуваат најдобрата програма за рециклирање во светот. Денес, оваа заедница е на добар пат да елиминира цели сто проценти од својот отпад и да биде целосно ослободена од отпад. На почетокот на деведесеттите години на 20 век, овој град се соочувал со проблеми поврзани со отпад. Со отпадот се справувале со горење и носење во депонии, а со зголемената употреба на пластиката во домаќинствата, се зголемила и грижата за здравјето заради испуштањето на штетни отрови во воздухот. Токму тогаш, иницијативата „нула отпад" го обележува својот старт, со цел да создаде одржлив животен стил. Оттогаш, отпадот за нив станува ресурс кој може да се искористи.

На почеток, граѓаните го складирале отпадот во девет категории, а до денес овој број порасна на 34 различни категории за поделба и складирање на отпад. Денес не можете да најдете камиони за ѓубре во овој град, бидејќи граѓаните самостојно го носат отпадот на место наменето за собирање и одделување на отпад и го делат според соодветните категории. Секоја кутија за складирање е означена според целта и намената, а покажува и информации каде ќе биде рециклиран тој отпад, во што ќе се претвори (повторно ќе се употреби) и колку ќе чини. Минатата година, граѓаните се обврзаа да постигнат целосен нула отпад до 2020 година (досега стапката на рециклирање изнесува 80 проценти, што претставува највисока во светот).

Покрај зачувување на природната средина за идните генерации, градот понатаму има амбиција да ја подигне еколошката свест кај индивидуалците, да не произведува отпад за горење и ставање во депонија, со тоа што ќе се користи методот на повторна употреба и модел на рециклирање, и ќе воспостави комуникација со заедниците ширум светот што ја делат истата свест и желба за почиста иднина. Градот има и продавница во која граѓаните можат да донесат предмет кој не го употребуваат и да земат од продавницата она што им се допаѓа – бесплатно.

Во градот има фабрика каде што се прават чанти и облека од стари и носени алишта. Овие установи, како и Центарот за складирање на отпадот, се водени од локална непрофитна организација *Zero Waste Academy*. Исто така, значаен е и податокот дека сиот органски отпад, односно сè што е од природно потекло, е воден од страна на секое семејство каде се рециклира 100 проценти. Голем број од жителите на ова мало место, поседуваат сопствени фарми и користат сопствено природно ѓубриво, додека останатите купуваат локален компост.



Главната поделба на отпадот е запалив и незапалив. Кога ќе се земе предвид ограничениот островски простор, прифатлив начин за исфрлање на отпадот е со палење. Благодарејќи на брзиот технолошки развој, денес Јапонија ја има најсигурната и најчиста технологија на палење на отпад во светот.

Промена е можна, потребна е иницијатива, желба и акција, започувајќи од индивидуалната свест, преку граѓанска иницијатива и поддршка од властите до општествена свест за ова значајно прашање. Ганди рекол: „Биди промената што сакаш да ја видиш во светот", а граѓаните на ова мало место, неговите зборови ги преточија во активно дејствување за промена, со што претставуваат инспирација за целиот свет.